Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ" бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016) и Одлуката за основање на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје,
Основачкото собрание на Здружението, на седницата одржана на ден 22.03.2022 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т
## на
## Здружение за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје од Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје (во понатамошниот текст АНТЕВО ПЕРО Скопје) од Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец Анте Поповски.

**Член 2**

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје дејствува на територијата на Република Северна Македонија. Здружението со своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции и да членува во асоцијации во земјата и странство.

**Член 3**

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, Законите и овој Статут.

### II. ИМЕ, СЕДИШТЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

**Член 4**

Називот на здружението на граѓани е:
**Здружение за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје**

Името на англиски јазик е:

**Associtation for preservation of the complete work of Ante Popovski ANTEVO PERO Skopje**

Скратениот назив на Здружението е:

**АНТЕВО ПЕРО Скопје**

**Член 5**

Седиштето на здружението е во Скопје **на ул. „Народен Фронт“ бр. 5 -10**

**Член 6**

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје го претставува и го застапува Претседателот.

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје има свој печат и штембил. Печатот е во тркалезна форма и го содржи името на здружението на македонски јазик со кирилично писмо, а на средината стои логото на Здружението АНТЕВО ПЕРО.

Штембилот има облик на правоаголник на кој покрај името на Здружението содржи место за: број, датум, година – Скопје.

**Член 7**

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје го застапува претседателот на Здружението, а во негово отсуство лице овластено од претседателот.

## III. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И ОБЛИЦИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

**Член 8**

Основни цели и задачи на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје се да:

- придонесува за збогатување на културното и литературното творештво и неговиот развој преку организирање на Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“;
- се залага за промоција и афирмација на млади и талентирани автори од сите националности;
- шири културен активизам и да ги развива и јакне творечките и креативни способности кај граѓаните, а посебно меѓу младите, што ќе придонесе за создавање на вистински вредности во културата;
- организира настани на кои се негува, чува и промовира делото на поетот, есеист и културен деец Анте Поповски;
- работи на дигитализација и зачувување на целокупниот фонд во оставнината на Анте Поповски;

- ги поддржува, промовира и афирмира сите истражувачи и нивните дела посветени на делото на Анте Поповски;
- издава книги, зборници, монографски трудови и друг вид на публикации;
- се залага за човековите права, за слободата на мислењето и изразувањето;
- се грижи за продолжување и негување на литературните традиции;
- го негува мултикултурниот дијалог;
- воспоставува и развива соработка со институциите, организациите, установите, манифестациите и фестивалите од областа на литературата и културата, како и со институциите од областа на образованието и воспитувањето;
- воспоставува и развива соработка со здруженија, друштва и други асоцијации и фондации од земјата и странство.

**Член 9**

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје ги реализира целите и задачите утврдени со овој Статут и работи врз основа на план и програма за остварување на своите своите активности.

**Член 10**

За остварување на целите и активностите, коишто се утврдени со статутот, планот и програмата, Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје:

- организира семинари, симпозиуми, трибини, литературни манифестации, литературни читања, поетско ликовни работилници, состаноци, собири, средби и други видови културни активности и настани;
- покренува иницијативи и поттикнува повеќе активности со цел афирмација на литературното творештво кај младите;
- доделува награди и признанија;
- работи на афирмација на своите членови;
- презема активности за остварување на контакти и соработка со слични асоцијации од земјата и странство;
- спроведува заеднички проекти со институции, здруженија, фондации и други асоцијации од земјата и странство;
- презема активности за обезбедување на материјални средства коишто се неопходни за фунционирање на здружението;
- врши и други работи предвидени со овој Статут;

## IV. ЧЛЕНСТВО, ПРЕТСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО И ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### Член 11

Член на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението.

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

### Член 12

Членот има право да бира и да биде биран или именуван во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето и да ги изнесува своите ставови по поставени прашања. Правото да бидат избрани или именувани е ограничено само за малолетните членови.

### Член 13

Членовите на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје се должни:

- да го почитуваат Статутот;
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје во остварувањето на целите;
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје и
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

### Член 14

Членството во Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје може да престане:

- по барање на членот на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје,
- ако членот не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако членот дејствува против целите на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје,
- ако не ја плаќа редовно членарината,

Одлука за престанок на членството во Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје донесува Собранието на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8 * СКОПЈЕ

## V. ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 15

Работата на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите и пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје, за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатените и електронските медиуми, интернет страница и социјалните мрежи.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 16

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје остварува средства од:

- членарина;
- донации, доброволни прилози од физички или правни лица;
- буџет на РСМ и локалните самоуправи;
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции;
- провизии од органи, организации;
- заедници и од други установи;
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.) и
- од други извори предвидени со Законот и Статутот.

### Член 17

Користење и располагањето со средствата на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

### Член 18

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отсранување на незаконитостите.

### Член 19

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по Член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## VII. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 20

Органи на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје се:

- Собрание и
- Претседател

## СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 21

Собранието е највисок орган на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје. Собранието на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје го сочинуваат сите полнолетни членови на здружението.

Собранието избира Претседател со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 22

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

### Член 23

Седници на Собрание свикува Претседателот на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје по сопствена иницијатива.

Седница на Собранието може да се свика и по предлог на најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикуваат иницијаторите.

**Член 24**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од најмалку 1/3 од членовите / делегатите, гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 25**

Собранието ги врши следните работи:

- донесува Статут на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје и врши негови измени и дополнувања;
- го усвојува годишниот извештај, насоките и планот за работа,
- ја усвојува завршната сметка и финансискиот план,
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира Претседател на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје;
- носи програма за работа на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје;
- ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- носи одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

## VIII. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 26**

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје престанува со работа во следниве случаи:

- ако за тоа се изјаснат најмалку 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;

- ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 27**

Во случај на престанок на работата на Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје, имотот и другите права и приходи што останувaат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**Член 28**

Доколку не можат да се исполнат условите утврдени во Членот 27, во случај на престанување на работата на здружението, неговиот имот преминува во сопственост на Република Северна Македонија.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 30**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, на ден 22.03.2022 година.

**Скопје,22.03.2022 година**

**Претседател на Здружението**

..........................................

**Жорж Поповски**